


Во текот на 2018 година во Општина Делчево се регистрирани три пожари на отворен простор, а навремената интервенција не дозволила пожарите да зафатат поголеми површини. Ова беше истакнато на редовниот Состанок на Советодавната граѓанска група на кој командирот на ТППЕ Делчево, Ванчо Постоловски, ги нотираше и проблемите во оваа област и приоритетите.

- Согласно со законската регулатива, први на местото на пожарот излегувааат шумските стопанства коишто стопанисуваат со шумите и тие имаат обврска да раководат со гаснењето на  шумските пожари, а ТППЕ секогаш навремено одговара по добиена дојава за појавен пожар .Важно е да се обеззбедат проодни шумски патишта, да се прават просеци, да се  формираат дежурни мобилни екипи во шумското стопанство. Посебна важност имаат и средбите со граѓаните и укажувањето за последиците од пожарите и штетите кои настануваат од пожарот на отворено, посебно шумските пожари. Мобилноста на сите надлежни служби треба да биде на високо ниво , истакна Постоловски.

Втора тема на која расправаа членовите на СГГ во Делчево е безбедноста во сообраќајот, посебно за прекршоците од возачите на мотоцикли и велосипед со мотор.

Според Ангел Митревски од ПС во Делчево, во градот Делчево и во околните населени места се во пораст прекршоците од мотоцикли .

- Право на учество во собраќај на возачи на мотоцикли и велосипед со мотор имаат лица кои ги исполнуваат условите согласно со Законот за безбедност за сообраќај на патиштата и според одредбите до Законот, сите имаат обврска да носат заштитна опрема. Сведоци сме на секојдневното возење мотоцикли по улиците на деца кои се возат без заштитна опрема и управуваат со мотоциклот со неприлагодена брзина по улицата на градот и околните населби и тоа некогаш и во групи загрозувајќи ја безбедноста во сообраќајот,истакна Митревски.

Претстадетлот на СГГ, Ванчо Новоселски иницираше да се одржи и состанок со родителите на децата кои се учесници со мотоцикли во сообраќајот, а Виолета Илиевска, помошник- командир за ЈРМ и превенција, испрати апел до родителите да не дозволуваат и да не ги пуштаат нивните деца да учествуваат во сообраќајот доколку не ги исполнуваат условите согласно со Законот за безбедност за сообраќај на патиштата, рече Илиевска.

Инаку, Советодавната граѓанска група е создадена во рамките на проектот„Соработка помеѓу полицијата и локалното н
а
селение“ имплементиран од страна на ОБСЕ –Мисијата
во Скопје, преку Одделението за соработка со полицијата и локалното население.


ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
20.07.2018